**ЗАПИСНИК**

Од шеста седница на Факултетското студентско собрание на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 20.05.2024 г. (понеделник) во 17:00 на онлајн платформата Zoom. Претседателот утврди дека на седницата се:

Присутни: Данило Крстовски (претседател), Анастасија Саша Тофоска, Калина Георгиева, Бојана Бурческа, Филип Петровски, Марија Самарџиска, Тијана Тесалоника Шишкоска, Кире Јованов, Магдалена Николовска, Анастасија Кипариз Крстеска, Петар Китанчев, Тамара Кунцулова, Емилија Протугерова, Сара Мишева, Лина Рангелова, Ивона Тодорова и Катерина Антовска.
Отсутни: Филип Стојановски, Димитрија Настески, Лука Стојаноски

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Утврдување на записник од петта седница на ФСС;**
2. **Утрврдување на дневен ред на шеста седница на ФСС;**
3. **Избор на членови во Уредувачкиот одбор на „Став“;**
4. **Состојба со Пакомак;**
5. **Состојба со став околу Бифето Вегера;**
6. **Активности за преостанатиот период и**
7. **Разно.**

**ТОЧКА 1. Утврдување на записник од петтата седница на ФСС**

За оваа точка немаше дискусија и беше едногласно изгласана.

**ТОЧКА 2. Утврдување на дневен ред на шеста седница на ФСС**

Предложениот дневен ред беше презентиран од страна на претседателот. Китанчев се надоврза на предложениот дневен ред и укажа дека има побарано две точки кои не се ставени на дневен ред: 1. Состојба со Пакомак и 2. Состојба со став околу Бифето Вегера. Претседателот надополни дека не се иставени, туку предвидени за под разно, но не постои проблем да бидат ставени и како точка доколку треба поелаборативно дебатирање за истите. Китанчев истакна дека смета дека истото е потребно и по истиве забелешки, претседателот предложи ревидиран дневен ред со дополнети две точки на дневниот ред по претходен предлог на Китанчев. Дневниот ред беше усвоен со 15 гласа за, 1 воздржан и ниту еден против.

**ТОЧКА 3. Избор на членови во Уредувачкиот одбор на „Став“**

По повод оваа точка, претседателот ги извести студентите дека имаат добиено пријави за членови во Уредувачкиот одбор и истите им биле доставени на мејл адреса. Дополнително беше истакнато дека ФСС е она тело кое ги бира и разрешува претставниците во списанието и дека нема потреба од загриженост дека списанието може да се оддалечи од ФСС. По претходно доставени пријави за членови во УО на „Став“ добиени се пријави од тројца надворешни членови на ФСС: Магдалена Петровска, Ангела Кекеновска и Емилија Петровска, како и еден член на ФСС: Сара Мишева. За сите се гласаше засебно и сите беа едногласно избрани.

**ТОЧКА 4. Состојба со Пакомак**

Претседателот извести дека не постоело потреба да се стават на дневен ред овие точки бидејќи се во процес и требало да следи само известување кон Собранието. Имено, доставена е иницијатива до факултетот и постои потреба од дополнителен состанок со цел подробно разјаснување на сите импликации од овој договор.

**ТОЧКА 5. Состојба со став околу Бифето Вегера**

Како и за претходната точка, претседателот извести дека не постоело потреба да се стават на дневен ред овие точки бидејќи се во процес и требало да следи само известување кон Собранието. Имено, овие процеси се во познавање на Деканатот и по претходно доставен формулар и составен тим од ФСС, претставници на ФСС да одат на состанок со надлежните органи на факултетот и закупникот на бифето. По повод наговестениот состанок се пријавија следните претставници за учество на истиот: Бојана Бурческа, Анастасија Саша Тофоска и Петар Китанчев.

**ТОЧКА 6. Активности за преостанатиот период**

Од страна на претседателот беа изложени неколку предвидени активности за новата академска година: сертифицирани работилници на разни теми, институционални посети и сл. Во текот на летниот распуст, активностите постепено ќе се разложуваат интерно по комисиите.

**ТОЧКА 7. Разно**

По оваа точка за збор се јави Китанчев кој се осврна на потребата од искажување на јавен став на ФСС-ПФ во врска со попреченоста во студирањето на студенти во држави ширум Европа и светот кои имаат попречено студирање и дека нужно е како активисти да се излезе со јавен став. Претседателот посочи дека нема ниту по единично, ниту на централно ниво, студентско тело кое во моментов размислува во таа насока и дека истото може да се разговара на следната седница.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори седницата во 17:45.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
Данило Крстовски

_______________________